# ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животна средина за спроведување на проектот: "Реставрација на река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито ", одржана на 25.02.2022 со почеток во 11.30 часот

На ден 25.02.2022 година, во училиштето на село Волино во општина Дебрца, се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот"Реставрација на река Сатеска и пренасочување во нејзиното природно речно корито ". Јавната расправа, која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот – Министерство за транспорт и врски, започна во 11:30часот.

**Присутни:**

- Билјана Петкоска, Раководител на сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- Александар Петковски, Помошник раководител на сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- Никола Здравески , претставник од страна на инвеститорот UNDP

- Маријан Михајлов, експерт за оцена на влијание врз животната средина и одговорна за Студијата за ОВЖС

- Претставници од страна на општина Дебрца

## Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

**1. Отварање** -Јавната расправа ја отвори Билјана Петкоска, Раководител на сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните (претставници од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, инвеститорот-УНДП, и изготвувачот на Студијата за ОВЖС) . му беше даден збор на Никола Здравески и Маријан Михајло да ги запознаат присутните со проектот и да се изврши презентација на Студијата за ОВЖС.

**2. Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина**

Цел на проектот е реставрирање на природното речно корито на река Сатеска со цел пренасочување на повторуваниот проток од 15m$^3$ во природното корито кое се влева во Црн Дрим. Должината на потегот изнесува 8km.

Беше презентирана постапката за спроведување на оцена на влијание на проектот врз животната средина и можните влијанија од реставрирање на природното речно корито на река Сатеска врз животната средина.

Направена е анализа за можни влијанија од реализација на проектот и предложени се заштитни мерки за ублажување и компензација на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува.

**3. Дискусија**

Прашање: Градоначалник Зоран Ногачески, Нагласи дека по однос на проектот нема коментар меѓутоа бара да му се објасни на месното население информација во однос на техничкото решение во однос на текот на речното корито и критичните точки од Бел Мост па се до излез од с. Волино.

Одговор: Никола Здравески, представник од страна на УНДП истакна дека реставрирање на природното речно корито на река Сатеска е предвидено да се изведе на делницата предмет на регулација на коритото со целосно земање на предвид на пропусната моќ на постоечкото старо корито на Сатеска. Во таа насока е и проектирана регулацијата да може да опфати максимален проток на вода од 15м$^2$. Со оваа количина на вода што би се пропуштила низ

коритото, техничкото решение предвидува на сите потенцијално критични места вдолж коритото да се направи стабилизација и појачување на речните насипи со што нема да има никаки потенцијални последици во однос на потенцијално излевање и поплавување на околните површини.

Прашање: Представник од Водостопанство- Река Сатеска поминува низ земјоделско земјиште и загиженоста е дека населението нема да може да наводнуваат. Земјоделското земјиште е од 2 класа, па доколку е возможно зафат да се постави.

Одговор: Никола Здравески – под течението на реката не е предвиено да се постават водозафати од едноставна причина што по старото корито каде е предвидено да се пенасочи дел од водата, досега не се зафаќала вода за вакви намени. Во секој случај останува во иднина надлежните институции: Водостопанство, Општина Дебарца и Министерство за животна средина и просторно планирање да се договорат доколку во иднина би имало потреба за користење/зафаќање на вода за потреби за наводнување. Идната имплементација на техничкото решени за пренасочување на коритото на Сатеска во првобитното/старото корито нема технички да ја оневозможи оваа потреба да се реализира доколку за истата има потреба.

Прашање: Претставник од месна зедница – Река Сатеска се води како брза река, доколку надојде или наврне голема количина на вода месното население е загрижено дека има можност од полави по обработливи земјоделски површи, па настанатата штета нема кој да им ја врати на населението. Загриженоста во овој дел е голема и бара да се обзебедат сите мерки за заштита од поплава на обработливите површини.

Одговор: Маријан Михалов – Со проектната програма е предвидено да се изгради и разводна рампа која ке има за цел да ја регулира целата количина на вода која ќе протекува по рестартирањето на природното речно корито. До колку има поголема количина разводната рампа ќе се затвори за да не протекува вода, а тоа ќе биде регулирано со лице задолжено за одржување и управување на разводната рампа. Подетално тоа ќе се дефинира во Водостапанската согласност и договорот со кој општина Дебрца се предвидува да управува со овој проект.

Прашање: Претставник од населението – Укажува дека населението е загрижено од можните поплави по течението на речното корито.

Одговор: Маријан Михалов – повторно укажа дека во хидрауличките анализи кои с еоснова за изработка на проектот предвидено е интервенција во

критичните делови на р. Сатеска и со правилно управување на разделната градба уверува дека нема да има поплави.

Прашање: Ацо Попоски – загрижен граганин – Укажува дека покрај Волино и село Мороишта е загрижено од можните поплани кое иманиви и од двете страни на река Сатеска.

Одговор: Никола Здравески – Ги потврди укажувањата на Маријан Михајлов и и потврди дека ќе бидат покрај разводната рампак ќе има таложници за ублажување на водата, потоа интервенција со изградба на бетонски зидови . Укажа дека овој проект е планиран и со повискои проектни документации

Прашање: Трајче Талевски – хидробиолошки завод и СОС Охрид- Истакна дека иам забелешки по односн на Студијата кои ги има наведено на неколку страни, но во интерес на времето укажа дека истите ќе бидат доставени официјално до МЖСПП.

Прашање: Градоначалникот Зоран Ногачески – Потенцирајки ја загриженоста на насалението за заштита од поплани бара да се изврши презентација на техничкото решение на проектот

Одговор: Никола Здравески УНДП – деталната проектна документација со техничкото решение ќе биде во следните фази споделена согласно одредбите од Законот за градба и потребата од добавување на мислења од релевантни институции. Во секој случај, деталното техничко решение е во фаза на проектирање според сите стандарди и пресметки кои ќе би прикажат потребните обем на градежни работи и зафати за да се овозможи комплетна безбедност на локалните заедници вдолж коритото на реката. Дополнително, целиот концепт и техничкото ќе решение предвидува разделната градба да има пропусна моќ колку што е и капацитетот на коритото на реката. Доколку од било какви причини се појави потенцијално излевање и ефекти на поплавување, разделната градба без проблем ќе може да се затвори и целата вода да се пренасочи како што и впрочем и сега тече низ постоечкото корито и се влева во Охридско Езеро.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори Билјана Петкоска во 15:00 часот

Записничар:

Александар Петковски